**20170450775**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.4.2017 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ВО 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2017 година во вкупен износ од 35.381.457,00 денари, обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во раздел 19101 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 18.283.257,00 денари и во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 17.098.200,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2017 година која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, единиците на локалната самоуправа, потребно е истите да ги вратат во Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-938/1
4 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров,** с.р.

Прилог

# Листа на Проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2017 година

| Ред. Бр. | Име на проектот | Општина-корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Поставување на контејнери и канти за отпад во општина Пласница | Пласница | 600.000 |
| 2 | Основен проект за инфраструктурна градба за изградба и реконструкција на улица и нејзин крак во населено место Горно Строгомиште- Општина Кичево | Кичево | 2.000.000 |
| 3 | Уредување наспоменк на природа Горна Слатинска пештера за развој на спелеолошкиот туризам | М. Брод | 2.000.000 |
| 4 | Реконструкција на Дом во село Панчарево - општина Пехчево | Пехчево | 1.884.332 |
| 5 | Изградба на локален пат од село Трстеник до село Манастирец во општина Росоман | Росоман | 2.000.000 |
| 6 | Реконструкција на локален патен правец Желино 1, од ОУ Гуракуќи до раскрсница на горен дел од селото во место викано Кај Матранчи- Крак 2 | Желино | 2.000.000 |
| 7 | Осветлување на на лесновски монашки пештери и уредување на излетничко место во Лесново | Пробиштип | 2.000.000 |
| 8 | Изработка на техничка документација за локален пат од нас.Чашка до с.Раковец и општинска депонија за комунален смет во с. Раковец | Чашка | 509.760 |
| 9 | Реконструкција и рехабилитација нана локален пат с.Теарце-с.Шемшево - општина Јегуновце-II фаза | Теарце | 2.000.000 |
| 10 | Изработка на физибилити студија за избор на локацијата за собирен и откупен центар за овошје и зеленчук за Шарпланинските села од општина Тетово | Тетово | 308.000 |
| 11 | Канализациона мрежа за отпадни води за с. Морани | Студеничани | 1.735.945 |
| 12 | Основен проект за реконструкција и рахабилитација на улица 12 | Арачиново | 2.000.000 |
| 13 | Санација и реконструкција на Културен Дом ц. Злести | Дебарца | 2.000.000 |
| 14 | Проект за санација и рехабилитација на улици во населено место Лознани , крак 5 и крак 6 | Могила | 1.820.705 |
| 15 | изработка на техничка документација за изградба на локален пат Р-528 до локација на Автокамп КО Козбунар | Радовиш | 600.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Изградба на локален пат за село Грнчиште, Општина Градско | Градско | 2.000.000 |
| 17 | Партерно уредување и поставување на урбана опрема во с.Долни Липовиќ , општина Конче | Конче | 1.437.668 |
| 18 | Подготовка на техничка документација за доводен цевковод за водоводен систем за село Требичино и Дукатино | Василево | 720.000 |
| 19 | Локален пат : с.Јастребник, Делница Мала Река - Вашка Орница | Кочани | 2.000.000 |
| 20 | Изградба на дел од локален пат од с. Шашаварлија, с.Кошево до с.Почивало | Штип | 2.000.000 |
| 21 | Изградба на фекална канализација с.Ваксинце - Општина Липково | Липково | 2.000.000 |
| 22 | Изработка на проектно - техничка документација за реконструкција на постојниот и доградба на системот за водоснабдување во Општина Зелениково | Зелениково | 1.000.000 |
| 23 | Реконструкција и рехабилитација на улица во с.Старо село и улица 1 во с.Копанце - општина Јегуновце | Јегуновце | 765.047 |
| | Вкупно средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2017 година | | 35.381.457 |